# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работењето на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија во 2016 година

Подготвен за собранието на Комората

2016

2016 година беше одбележана со раст на бројот на членови во Комората, раст во наплатата на заостанати членарини и со тоа раст на приходите во Комората.

Комората во 2016 организираше избори на сите нивоа во Комората, при што се конституираше ново Собрание на Комората, нов Управен одбор и нов Претседател на Комората.

1. **Оперативно**, бројот на активни членови во Комората во 2016 година е зголемен за над 20%.




Овој раст на бројот на активни членови се базира на неколку параметри: подобрени се внатрешните процеси за системско/софтверско решение за автоматско информирање на членството околу истекот на членарините, а особен ангажман е вложен од службите на комората околу наплатата на стари неподмирени членаринии. Истовремено, Министерството за транспорт и врски во текот на 2016 година, активно ги обновуваше лиценците на градежните фирми, при што голем број на инженери со истечени овластувања ги подмирија истечените членарини за да можат да ги обноват лиценците на фирмите каде работат. Во изминативе 12 месеци Министерството достави преку 500 дописи за проверка на податоците на преку 2000 архитекти и инженери од датабазата на Комората.

Бројот на активни членови по одделенија, заклучно со 31 декември 2016 е следен:




*Доколку инженер припаѓа на повеќе од едно одделение, броен е само еднаш во матичното одделение (во кое прв пат се пријавил за овластување.

**Одделението за Енергетска Ефикасност нема матични членови, бидејќи сите членови имаат овластување и од други одделенија. Затоа не е прикажано на графиконот погоре. (но со проектот на матичност некои може да се определат ова оделение да им биде матично)

*** Од прикажаните 3152 активни овластени инженери, 87 се активни странски инженери кои работат во Република Македонија

Подолу е дадена подетална анализа на членството во Комората по одделенија, сегментирано по основ на ВКУПНО во споредба со АКТИВНО членство. Податоците за членовите кои не се активни (не платиле членарина за тековната година) , понатаму се длабински поделени во 6 групи, по основ на тоа колку доцнат со нивната членарина, односно дали им е престанато членството во Комората.

| | | Членови по оддление по основа на платена членарина | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен број на членови | Целосно подмирена до 31 дек.2016 | Доцни до 6 месеци | Доцни од 6 - 12 месеци | Доцни од 12 - 24 месеци | Доцни повеќе од 24 месеци | Престанок на членство | Никогаш не платиле |
| Градежништво | 2.406 | 1.073 | 177 | 205 | 262 | 604 | 152 | 85 |
| Архитектура | 1.783 | 719 | 155 | 144 | 170 | 513 | 152 | 81 |
| Електротехника | 1.196 | 502 | 95 | 105 | 102 | 313 | 89 | 78 |
| Машинство | 1.040 | 448 | 74 | 86 | 73 | 293 | 68 | 66 |
| Урбанизам | 516 | 218 | 87 | 33 | 28 | 116 | 0 | 34 |
| Геодезија | 113 | 57 | 8 | 6 | 7 | 28 | 6 | 7 |
| Геотехника | 112 | 44 | 4 | 19 | 9 | 26 | 11 | 10 |
| ЗПР/ППЗ | 32 | 16 | 1 | 2 | 4 | 9 | 0 | 0 |
| Животна средина | 83 | 27 | 4 | 4 | 7 | 31 | 10 | 10 |
| Сообраќај | 120 | 43 | 9 | 9 | 8 | 42 | 0 | 8 |
| Тех-Мет | 20 | 5 | 1 | 1 | 2 | 11 | 0 | 0 |
| Странци | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **7.421** | **3.152** | **615** | **614** | **672** | **1.986** | **488** | **379** |

Во текот на 2016 година Комората (ко) организираше вкупно 11 семинари за своето членство. На семинарите имавме 1079 посети од членови од сите одделенија на Комората.




Организирани беа следните семинари и обуки за членството:

| | Дата на одржување | Име на настанот | # Посети |
|---|---|---|---|
| 1 | 2016, 4 март | Звучна изолација во високоградбата и акустика на простории | 120 |
| 2 | 2016, 8 април | Геотехника предавање и презентација на тема 'Geosynthetics and applications' | 45 |
| 3 | 2016, 14 април | Lateral Earth Pressures and Deep Excavations | 80 |
| 4 | 2016, 18 април | Современи технологии за изградба на бетонски мостови - проф.Пржуљ | 80 |
| 5 | 2016, 10 јуни | Примена на современи техники за дефинирање на хазарди и ризици во теотехниката | 60 |
| 6 | 2016, 7 октомври | 2016.10.07 11-Советување за водостопанство и хидротехника | 50 |
| 7 | 2016, 28 октомври | Научна конференција УЧЕЊЕ АРХИТЕКТУРА | 200 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | 10 октомври 2016-Скопје<br>4 ноември 2016-Прилеп<br>30 ноември 2016-Штип<br>29 ноември 2016-Тетово | Обука за Урбнисти заедно со Катастар – регистар на градежно земјиште | 54<br>22<br>16<br>12 |
| 8 | 2016, 9 ноември | Пасивна заштита во високоградбата | 100 |
| 9 | 2016, 24 ноември | BEM from theory to reality | 80 |
| 10 | 2016, 2 декември | Расвета и ЕЕ во јавно осветлување | 85 |
| 11 | 2016, 12 декември | Предизвици во геотехниката | 75 |
| | | **Вкупно посети во 2016 год** | **1079** |

Во текот на 2016 година, Управниот одбор на Комората се состана 10 пати. Комисиите за издавање на овластувања од сите 12 одделенија се состанаат вкупно 129 пати и издадоа вкупно 1060 овластувања. Ова вклучува нови типови на овластувања за постојните членови, како и овластувања за целосно нови членови.

2. **Финансиски гледано,** а согласно приложениот (засебен) финансиски извештај и завршна сметка за 2016, Комората има успешна финансиска година на работење со остварена вкупна позитива од 10.316.315 денари, без вклучување на трошокот за реновирање на деловниот простор. Компаративно, вкупните оперативни приходи и расходи на Комората (не сметајки ги капиталните инвестиции за купување на реновирање на деловен простор во 2015 и 2016) во изминативе 5 години се следни:



Дополнително на овие оперативни параметри на финансиско работење, Комората има орочени средства во висина од 40.000.000 денари. Средствата се орочени во две целини од по 20.000.000 денари во НЛБ Тутунска банка и Халк банка, како најдобри понудувачи на каматни стапки. Рокот на орочување кај двете банки е за период од 24 месеци и истекува на 25 ноември 2018 година.

## 3. Административно и тековно работење во 2016

Во 2016 година, Комората имаше избори на скоро сите изборни функции во Комората. Во текот на месец март-јуни 2017 се организираа **над 50 регионални и одделенски избори низ целата држава**, за сите професионални одделенија.

На 11 Јуни 2017 **се конституираше новото 75 члено Собрание** на Комората и се избра нов Управен одбор. На ова изборно собрание , не се избра Претседател на Комората, бидејки ниту еден кандидат не го доби потребното апсолутно мнозинство гласови.

Во текот на месец октомври-ноември 2017 се организираа дополнителни 15 одделенски состаноци околу новото изборно собрание и одделенски програмски активности. На 17 декември 2017 година, Комората повторно организираше **избор за Претседател на Комората**. Кандидатури доставија вкупно 6 кандидати. Од тие, преку оделенијата беа прифатени кандидатурите од м-р Жаклина Ангеловска и Проф. д-р Миле Димитровски. За нов Претседател на Комората беше избран Проф. д-р Миле Димитровски со апсолутно мнозинство на гласови.

Во текот на 2016 година, Комората **ја дигитализираше сета своја хартиена архива**. Дигитализирани беа сите инженерски предмети, односно над 200.000 страни хартиен материјал. Склучен е договор за хостирање на овој дигитален материјал на надворешен сервер на сигурносна локација, а електронски пристап до материјалот имаат сите вработени во Комората. На ваков начин се поедноставуваат постапките за пребарување и референцирање на инженерските документи од службите на Комората, а истовремено се отвора можност за градење на нови електронски / дигитални функционалности кои евентуално би можеле во иднина да ги понудиме на нашите членови преку нашата веб страна.

Во текот на 2016 година, Министерството за транспорт и врски продолжи **со проверка на податоците на Комората** околу нашето активно членство. Од службите на Комората беше одговорено на над 500 доставени дописи од министерството, за проверка на над 2000 членови на Комората, а во врска со нивното членство во Комората и типовите на овластувања кои ги поседуваат.

Сите активни инженери со подмирена чланарина се **осигурани од професионална одговорност**, а финаниските трошоци за годишните осигурителни премии ги подмирува Комората.

Комората продолжи со издавање на сертификати со (CPD – Continued Professional Development) поени за посетените предавања и обуки организирани од Комората, а согласно насоките од Европската Асоцијација на Комори.

Комората активно **соработуваше со инженерските асоцијации** и здуженија од Македонија, како со финансиско и/или оперативно помагање на нивните активности, така и со заеднички активности со Асоцијацијата на Архитекти на Република Македонија (ААМ), Здружението Македонскиот комитет за големи брани (ЗМКГБ), Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Инженерска Институција на Македонија, Друштвото за патишта на Република Македонија (ДПМ), Здружение за електротехника, симпозиумот на СКЕЕОП итн. Исплатена е и парична помош кон Црвениот крст на РМ за помош на настраданите од поплавите во скопскиот регион, а на десет инженери со адреса на живеење во поплавените подрачја со одлука на УО им е доделена еднократна помош, ослободување од плаќање членарина во тековната 2016 година.

Комората врз база на потпишаниот меморандум за соработка, продолжи како соорганизатор на манифестацијата **„Инженерски прстен“**, и во 2016 година заедно со Инженерската Институција на Македонија. Изготвен е правилник со критериуми за избор на добитниците на прстенот претходно номинирани од соодветните факултети. Од неговото воспоставување до денес инженерскиот прстен го врачува Претседателот на Република Македонија.

Во рамките на зајакнување на меѓународните активности на комората, преземено е активно учество во Европски совет на инженерски комори (ECEC), Инженерска иницијатива за регионална соработка (ИИРС), а продолжуваме со активностите во рамките на Светската федерација на инженерски организации (WFEO). На последното Генерално собрание на Европскиот Совет на Инженерски Комори (ЕЦЕЦ), Комората беше избрана да биде **домаќин и организатор на 14. генералното собрание на ЕЦЕЦ** кое ќе се одржи на 21 октомври 2017 во Скопје.

Вклучително со новоотворените предмети од 2016, Комората води 14 судско/извршни постапки пред надлежните судски органи, за предмети од различна природа (граѓански, управни, извршни).

**Списанието „Пресинг“** во 2016 продолжи со својата улога на информативно стручно списание од инженерските струки.

Во 2016 година, на денот на комората 18. Декември, по предлог на професионалните одделенија беа доделени традиционалните **награди** од областа на градежништвото, архитектурата, електроинженерството и машинството и тоа на:

- Проф. д-р Денис Поповски, дипл.град.инж., наградата именувана *Проф. др. Александар Ангелов*
- Влатко Иванов, дипл.маш.инж., наградата именувана *Проф. д-р. Илија Черепналковски*
- Проф. Славко Брезоски, дипл.инж.арх., наградата именувана *Проф. Борис Чипан*
- Драган Стефанов, дипл.ел.инж., наградата *Проф. д-р. Станимир Јовановски*
- по предлог на професионалното оделение за геотехника, за придонес во развојот на инженерската струка од областа на геомеханиката, **Плакета** му е доделена на Проф. Наум Гапковски, дипл. инж. геол.

Претседател на Управниот одбор на
Комората на овластени архитекти и овластени инженери
на Република Македонија

Проф. д-р Миле Димитровски

Подготвил: Димче Атанасовски,
Одобрил: Миле Димитровски